930.85-026.46:94(497)
прегледен труд

# ВИЗАНТИСКАТА КУЛТУРА И ПРОНИКНУВАЊЕТО НА ГЛОБАЛНАТА ЦИВИЛИЗАЦИЈА НА БАЛКАНОТ

**д-р Илија Велев**

*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје*
*Институт за македонска литература*

*клучни зборови: византиска култура, глобализација, Балкан, културноисториски идентитет, култура*
*key words: the Byzantine culture, globalization, Balkan, culturahistorical identity, culture*

При современиот контекст на проследување на балканските врски и влијанија во функција на восприемањата за претставата на националните културноисториски идентитети треба секогаш да се има предвид фактот дека лесно не може да се раскопа сиот наталожен историски пласт со контраверзи на искуствата и на вредностите создавани од народите на Балканот. Но, за среќа, клонењето кон новите тенденции за глобализација на творечките постигнувања во современата цивилизациска рамка нужно нè враќаат назад кон сличните историски искуства. Емпириски е засведочено дека преку сите фази на цивилизациски симбиози современите балкански народи го преживеале минатото преточено со глобалните културни искуства. Тие имале заедничка судбина да се наоѓаат во составите на повеќе големи империи (античкомакедонската, римската, византиската, турско-османлиската, или и со поновото искуство во југословенската федерација – а зошто и да не во најновата евроинтеграција), па овој историски феномен ги поставувал нивните духовни, културни и јазични традиции да траат и да опстојуваат едни до други и едни со други. Сепак, современите методологии на толкувања строго ги распознаваат националните традиции и културни мемории во интеркултурните релации на однесување како посебен придонес во надополнувањата на општите цивилизациски достигнувања. Затоа и преку историските искуства на балканскиот модел за градење глобална цивилизација се овозможува творечко-развојниот контекст на македонската културна историја да ја проектира сопствената препознатлива традиција во современиот културен идентитет. Станува збор за историски принцип што е функционален при афирмацијата на секој посебен културноисториски идентитет на балканските народи. Секој од нив, веќе историографски идентификуван и афирмиран, тој не може да се оттуѓува или да се посвојува и присвојува, зашто таму се вткаело индивидуалното чувство на денешниот Македонец, Грк, Турчин, Бугарин, Романец, Србин, Црногорец,

Хрват или Албанец како поединец дека не е сам во личниот идентитет, зашто него го придружуваат колективните спомени за сопственото поколение. Тоа најдиректно ќе им помага на современиве балкански народи да се распознаваат едни со други и да ги надополнуваат заедничките духовни импресии едни од други.

Пред да се осврнеме на феноменот на Византија треба да се нагласи и историската улога на римската култура и цивилизација на Балканот, кои на своевиден начин го раздвоиле античкиот од византиско-христијанскиот глобален свет. Но римолатинската цивилизација не можела до крај да истрае во покривањето на хеленистичкиот и на древномакедонскиот супстрат што лежел на дното во нејзиниот извор како историско и културно наследство, при што дошло до нов процес на духовна и културна глобализација како поширок поредок, во кој се испреплетело наследството на моќната Македонска Империја што згаснала, со исто така моќната Византиска Империја што се родила главно врз нејзините темели.

Издвоеното Источно римско царство – Византија (11 мај 330 година – 30 мај 1453 година) спонтано се наслонило врз христијанската духовна и културна форма во општественото расудување да ѝ посвети примарна улога при градењето на идејни и на мисловни системи во своевиден нов цивилизациски однос на живеење. Во единаесетвековниот византиски цивилизациски систем на опстојување таквиот модел функционално се реализирал и на балканските простори. Оживувањето на феноменот Византија стекнало своевидна историска проекција која формирала конкретна цивилизациска рамка во која се типологизирал распознаениот византиски културен легитимитет. Но, без препознавањето на нејзиниот социолошки или културолошки карактер на глобална цивилизација, нема да може да се разјаснува нејзината природа во современиот контекст на расудување. Затоа, нужно е да се нагласи дека Византија била полиетничка и мултикултурна државна творба, проширувана со завојување на повеќе земји и народи, со огромно влијание на широк триконтинентален географски простор. Културните вредности што се граделе и се издигнувале во неа немаат изворна еднострана компатибилност, туку тие претставуваат конгломерат од повеќе интензивни творечки суштини, производ на односи, врски и влијанија на неколку културни традиции. Во своето империско воздигнување секогаш претендирала на правото да го наследи Римскиот државен континуитет. Но, на културен план ги активирала врските со далеку изживеаниот модел на класичнохеленистичката античка култура и јазик, наспроти латинизмот, како позиција на културен престиж од минатото. Преку комплексот на византиската култура се приопштувале и класичните предвизантиски културолошки спектри, кои потекнуваат од Индија, Асировавилонија, Палестина, Египет и од други древни источни цивилизациски искуства. На крајот, библиската христијанска основа станала инспирација за покренување растеж на нова цивилазациска трансформација преку византискиот интегративен центар, каде што се инкорпорирале основните идеолошки начела и културолошки насоки во општиот христијански колективитет. Но, овој процес не треба да се сфати како византизација на освојуваните простори со древна културна традиција и истиснување на претходната творечка смисла. Особено тоа не може да е принцип за балканските простори. Напротив, треба да се има предвид меѓусебната културна партиципација и потткнатата конфронтација на определени културни и творечко-изразни параметри, што произлегу-

ваат од идентитетот и од автентичноста на културниот и на духовниот живот во секоја балканска средина одделно. Оттука и современите национални културни идентитети стекнале свој континуиран историско-развоен легитимитет. Врските на балканските ранохристијански и средновековни култури со византиската биле неограничени, при што во овој домен се вршела трансмисија на верската, филозофската и на научната мисла во сите насоки. Важно е и тоа да се истакне дека од балканските простори проникнала византиската стратегија за ширење на словенската цивилизациска свест, која преку мисионерската просветителска дејност на светите Константин-Кирил и Методиј Солунски успеале да ја анимираат и да ја афирмираат третата христијанска цивилизација во Европа - словенската, веднаш по латинската и по византиско-грчката.

Наместо да дојде до извесно цивилизациско премостување, првовремено воено-политичката стратегија на Византија во поголемиот дел од Балканот продуцирала стационирање на една словенско-византиска и притоа христијанска цивилизација и култура, но подоцнежните воени и црковни прилики ги подместиле овие концепти - спротивставувајќи ги еден против друг, но и надградувајќи ги древните домородни традиции со веќе изградениот и профилиран словенски културен супстрат.

Исчезнувањето на Византија зад завесата на историјата во средината на XV век ја отворил вратата на новиот просветителски дух што ги подредувал балканските народите еден до друг со нивните посебности. Сепак, згаснувањето на Византиската империја било наджививеано од виталноста на византиската култура, идеите и творечките вредности. По распадот на Империјата оние кои трпеле најголеми влијанија од неа, но истовремено и коишто партиципирале во нејзиниот духовен и културен развој (меѓу кои скоро сите балкански земји, а со тоа и Македонија), се нашле во позиција да се сочувувачи на византиската традиција. Едноставно, во наредната историска проекција и во културните развојни насоки заживеал феноменот на Византија по Византија.

Византиските историски искуства на Балканот ја поттикнале меѓусебната културна партиципација меѓу различните народи, а истовремено ја развиле и глобалната цивилизација каде што секој современ културен и јазичен идентитет може да се распознава како посебен придонес во надополнувањата на општите цивилизациски постигнувања. Ваквите историографски и социолошки распознавања, за она што било некогаш и како на тоа треба да се гледа денес, едноставно не допуштат општите цивилизациски достигнувања од историјата да се привилигирано културно наследство само на еден современ народ – на една современа национална култура.

Ваквите интеркултурни релации продолжиле и во периодите на турското завојување со Балканот, сè до просветителските и народните – преродбенски појави кај балканските народи. Тоа се засведочени историски процеси кои директно или индиректно придонеле за издигнувањето на нивните меѓукултурни приближувања, иако често биле пропратувани со бројни контраверзи, конфликти и обиди за асимилации. Тоа се случувало во жарот на романтичарските пробудени националистички страсти - лажно да се излезе од историската рамка на взаемно изживеаниот цивилизациски глобален свет.

Можеби ќе изгледа историски претенциозно, но сепак скренуваме внимание дека не треба да се запостави важноста на феноменот со изминатите искуства на византиската култура и проникнувањето на глобалната цивилизација на Балканот, од кои се надградуваат и современите процеси за градење

глобален и отворен свет. Преку вака проектираната заедничка цивилизациска архитектура во нашево актуелно време се вградуваат националните традиции и развојни искуства на секој балкански народ, за да дојде до израз спектарот на современата европска глобализација за културното прелевање меѓу народите. Така и историското искуство на мојата земја Република Македонија, како простор каде што се вкрстувале или се премостувале поважните основоположени традиции во Југоисточна Европа, овозможува отворање позиција на доближувања меѓу македонското културно искуство и современите творечки стремежи со искуствата и развојните културни перспективи на останатите балкански народи. Предизвикот да се разменуваат искуствата и современите придобивки на македонската култура и на другите балкански култури ќе изгради нови вредносни претстави и креативни перспективи во глобалниот свет на Европа.

**Литература**:


Успенский, Ф.И. (1913). История Византийской империи, т. I-III: Санкт Петербург.
Безобразов, П.В. (1919). Очерки византийской культуры: Санкт Петербург.
Каждан, А.П. (1968). Византийская культура X-XII вв: Москва.
Острогорски, Г. (1970). О веровањима и схватањима Византинаца: Београд.
Медведев, И.П. (1976). Византийский гуманизм XIV-XV вв: Москва.
Бычков, В.В. (1984). Византийска естетика. Теоретични проблеми: София.
Ђурић, И. (1984). Сумрак Византије: Београд.
Панов,Б. (1985). Средновековна Македонија, т. 2 и 3: Скопје.
Лихачов, В.Д. (1986). Искусство Византии IV-XV вв: Ленинград.
Ундольцова, З.В. (1988). Византийская культура: Москва.
Featherstone, Mike, ed., Global Culture: Nationalism, Globalization, and Modernity (London: Sage, 1990).
King, Anthony (ed.), Culture, Globalisation, and the World-System (Basingstoke: Macmillan, 1991).
Острогорски, Г. (1992). Историја на Византија: Скопје.
Дил, Ш. (1995). Историја византијског царства: Београд.
Sklair, Leslie (1995). Sociology of the Global System. Baltimore: Johns Hopkins University Press.
Велев, И. (1996). Македонскиот книжевен XIV век.
Kofman, E. and G. Youngs, eds., Globalization: Theory and Practice (New York: Frances Pinter, 1996).
Baylis, J. and S. Smith, eds., The Globalization of World Politics (Oxford: Oxford University Press, 1997).
Татакис, В. (1998). Историја на византиската филозофија: Скопје.
Hirst, Paul and Grahame Thompson (1999). Globalization in Question. Cambridge: Polity Press.
Георгиева-Петковска, В. (2001). Византиска филозофија: Скопје.
Оболенски, Д. (2002). Византискиот комонвелт. Источна Европа 500-1453: Скопје.
Гиденс, Е. (2003). Забеган свет. Како глобализацијата ги преобразува нашите животи: Скопје.
Велев, И. (2005). Византиско-македонски книжевни врски: Скопје.
Велев, И. (2009). Во почетокот беше Словото: Скопје.

# THE BYZANTINE CULTURE AND THE PERVADE OF THE GLOBAL CIVILIZATION ON THE BALKANS

**Ilija Velev**

**Summary**

The phenomena of Byzantine was multiethnic and multicultural civil creation that was extended with the warfare between more countries and nations with an influence of the three-continental geographic space – during its historical endure of 11 centuries. The writing and the esthetic values which were build and raised in Byzantine weren't able to form a single culture, so they were representing a conglomerate of more creative entities, relationships and influences of different cultural traditions.

The Byzantine historical experiences in the Balkans boosted the mutual cultural participation among the different nations and, at the same time, it helped in developing the global civilization where every contemporary cultural and linguistic identity can be recognized as exclusive contributor in addition to the general achievements of the civilization.

These historical and social recognitions for what was once and how it should be looked at today, simply, does not allows the general achievement of the civilization to be considered as a preferential cultural heritage of just one contemporary nation or national culture.